# Коридор VIII Железничка пруга - Фаза 2

| | |
|---|---|
| Земја: | Македонија |
| Број на проектот: | 44175 |
| Деловен сектор: | Транспорт |
| Јавен/приватен: | Јавен сектор |
| Еколошка категорија | A |
| Датум на разгледување од страна на Бордот | 29 октомври 2014 |
| Статус: | Помината ревизија на структурата, се чека на финална ревизија |
| Дата на објава на Резимето на проектот: | 30 јули 2014 |

## Опис на проектот

ЕБОР разгледува обезбедување на 145 милиони евра суверен кредит за финансирање на изградба на нова секција од Пан Европскиот Железнички коридор 8 во Македонија. Должината на секцијата која го поврзува Бељаковце и Крива Паланка е приближно 34 километри. Ова е втора фаза од вкупната инвестициска програма потребна за комплетирање на целипт источен дел од Коридор VIII.

## Транзициско влијание

Се очекува проектот да ги поддржи регионалниот развој и поврзаност, со оглед на тоа што овој Европски коридор е клучна врска помеѓу исток и запад, кој на крајот ќе ги поврзува црно-морското крајбрежје во Бугарија и јадранскиот брег во Албанија.

Освен тоа, се очекува транзициското влијание на предложената трансакција да се оствари преку следното:

- Олеснување на преку-граничната трговија со помош на преку-гранични договори со Србија и Косово;
- Натамошна комерцијализација на основните средства, со што ќе се овозможи Друштвото да остварува дополнителни приходи во иднина;
- Подобрени стандарди на деловно работење и корпоративно управување преку сертификација со ИСО 9001 и 14001;
- Подобрување на процедурите на набавка на Друштвото, со цел да се добие сертификација од страна на меѓународно признаено тело за сертификација на набавките;
- Поддршка на спроведувањето на правилата за интер-оперативност на ЕУ.

## Клиент

Јавното претпријатие за железничка инфраструктура ("ЈПЖИ") – претпријатие во државна сопственост одговорно за обезбедување и одржување на железничката инфраструктура во Македонија.

## Финансирање од ЕБОР

Заем гарантиран од државата во износ од најмногу 145 милиони евра, кои ќе му биде одобрени на ЈПЖИ.

## Вкупен износ на проектот

151,2 милиони евра

## Еколошко влијание

Проектот е категоризиран во категорија А, затоа што Фазата 2 претставува составен дел од целиот проект за Коридорот VIII, кој ќе се користи за железнички сообраќај на големи растојанија. Во согласност со Додатокот 1 од Еколошката и социјалната политика на ЕБРД од 2008 година, беа изготвени Оцена на влијанието врз животната средина и општеството (ОВЖСО), Планот за ангажман на заинтересираните страни (ПАЗС) и Рамка за надомест за преселба (РНП), во однос на целата должина на железничкиот коридор (Фази 1, 2 и 3), истите беа јавно објавени на 9 март 2012 година и достапни во период од 120 дена, како дел од потребната анализа на Фазата 1 од Коридорот VIII (ДТМ 42921).

Во рамките на ОВЖСО за целиот коридор, оценети се потенцијалните еколошки и социјални влијанија на изградбата и реконструкцијата на Фазата 2 од Железничкиот коридор VIII Делница исток. Беше извршена потребната длабинска еколошка и општествена анализа со помош на надворешни, независни консултанти, кои потврдија дека ОВЖСО е структурирана на тој начин што ги исполнува стандардите на ЕУ и Барањата за перформанси на Банката. Сообразеноста на Проектот ќе се постигнува преку спроведување на Планот за следење на ублажувањето на влијанието врз животната средина и општеството (ПСУВЖСО), кој е исто така објавен. Неодамнешната потребна анализа од страна на Банката потврди дека ОВЖСО изработена во однос на целиот Коридор VIII е сѐ уште валидна, со оглед на тоа што не дошло до значителни промени кои би барале ревизија на документацијата.

Состаноците со Клиентот и разгледување на проектната документација, утврдија задоволителен напредок во спроведувањето на ПСУВЖСО, во согласност во фазата на проектот. Утврдените области во кои е потребно подобрување се главно во врска со вклученоста на заинтересираните страни и управувањето со отпадот. Во тек е ажурирање и менување на ПАЗС, за истиот да се усогласи со потребната ангажираност на заинтересираните страни во градежните работи и интегрирањето на улогата на изведувачите.

Не постојат значајни забелешки во однос на билошката разновидност во врска со Делницата 2, затоа што точките на пресек на проектот и двете Емералд локации се во Делницата 3.

Рамката за надомест за преселба, која е во согласност со Акциониот план за населување, договорен со Банката и јавно објавен во 2012 година,-е во процес на изработка за Фазата 2, и истата ќе биде поднесена до ЕБРД заради одобрување.

ПУВЖСО е вклучен во договорните барања, така што ќе се бараат низа планови, процедури и оперативни контроли за проектот во Фазата 2, кои ќе подлежат на одобрување и редовно и независно следење од страна на Надзорниот инженер. Безбедноста на работното место и на заедницата, управувањето со почвата, контролата на ерозијата, враќањето во првобитна состојба, транспортот, бучавата, емисиите во воздухот и вклученоста на заинтересираните страни ќе бидат важни прашања кои ќе се решаваат во текот на градежната фаза.

Мониторингот начелно ќе се врши врз преку годишните еколошки и социјални извештаи на клиентот доставени до Банката, како и преку периодичните извештаи на Независниот надзорник, кои ќе вклучуваат одговорност за следење на спроведувањето на проектот во согласност со РП и ОВЖСО. Банката може исто така да мониторинг посети.

## Техничка соработка

Како дел од овој проект предвидена е следната поддршка во вид на техничка соработка :

- Помош во осмислувањето и подготовката на тендерот;
- Помош во надзорот и спроведувањето;
- Поддршка од консултантите во оценувањето и подобрувањето на набавните практики на ЈПЖИ;
- Помош за Министерството за транспорт и врски во изготвувањето на нацрт на Изјавите за заедничката мрежа, како и помош со подзаконските акти заради усогласување на локалното законодавство со директивата на ЕУ за интероперативност.

## Деловни можности

За деловните можности или тендерската постапка, контактирајте ја компанијата.

## Општи прашања

Прашања во врска со проекти на ЕБРД, кои не се поврзани со набавки:
Тел: +44 20 7338 7168; Факс: +44 20 7338 7380
Ел. адреса: projectenquiries@ebrd.com

## Политика на информирање на јавноста (ПИЈ)

ПИЈ ги регулира начините на кои ЕБОР ги објавува информациите и како се консултира со партнерите, со цел да промовира подобро запознавање и разбирање на стратеиите, политиките и операциите.

Целиот текст е достапен на : http://www.ebrd.com/pages/about/what/policies/pip.shtml

## Механизам за жалба за проект (МПП)

ЕБОР ја има воспоставено политиката на информирање на јавноста (ПИЈ) во насока на обезбедување на можност за независна ревизија на жалби од една или повеќе поединци илио д организации кои се засегнати за проектите финансирани од Банката, а кои се претпоставува дека предизвикале или има веројатност дека ќе предизвикаат штета.

Правилата за процедурите според кои се раководи ПИЈ можете да ги прочитате на www.ebrd.com/downloads/integrity/pcmrules.pdf, а Руската верзија е достапна на: http://www.ebrd.com/downloads/integrity/pcmrulesr.pdf

Сите жалби во рамките на МПП мора да се поднесат најдоцна 12 месеци по последната распределба на средства на ЕБОР. Може да се обратите до службеникот за МПП (на pcm@ebrd.com) или до релевантниот службеник во Резидентната канцеларија на ЕБРД за асистенција, доколку не сте сигурни во врска со периодот во кој мора да се достави жалба.

---

Резимето на проектот се креира пред негово разгледување пред Бордот на Директори на ЕБОР. Деталите околу проектот може да се сменат, по објавувањето на Резимето на преоктот. Резимето на преоктот не може да се смета дека ја претставува официјалната политика на ЕБОР.

Последен датум на ажурирање: 30 јули 2014